**О П Ш Т И Н А Д Е Л Ч Е В О**
**Градоначалник**
**Ул:,,М.М.Брицо,, бр. 40, Делчево**
**тел: 033/413-521 факс: 033/411 550**
**E-mail:opde@sonet.com.mk**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

## Број 10

**10.09. 2012 година**

**Службен гласник на Општина Делчево**
**Излегува по потреба**

**Гласникот е бесплатен**

**Уредува**

**Одделение за човечки ресурси, правни и општи работи**

**Септември, 2012**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 29.08.2012 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување акти од свечената седница**
**на Советот на Општина Делчево посветена на**
**7 и 8 Септември**

**I**

Да се објави во „Службен гласник на Општина Делчево" **Одлуката за доделување на плакети и спомен-плакета по повод јубилејот„100 години од прогласувањето на Делчево за градска управа**, што Советот на Општина Делчево ја донесе на свечената седница која се одржа на ден 07.09.2012 година.

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 08-2175/1**
**10.09.2012 година**
**Д е л ч е в о**

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Градоначалник,**
**Горан Малешевски, с.р.**

Врз основа на член 4 од Одлуката за востановување на општински награди и признанија бр.07-610/1 од 25.09.2009 година, а врз основа на утврдената Листа на добитници на призанија во форма на плакета и спомен-плакета по повод „100 години град Делчево", од страна на Одборот за доделување на општински награди и признанија, Советот на Општина Делчево, на седницата, одржана на ден 07.09. 2012 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за доделување на плакети и спомен-плакета**
**по повод јубилејот**
**„100 години од прогласувањето на Делчево за градска управа"**

Член 1

Со оваа Одлука се доделуваат плакети и спомен-плакети по повод јубилејот „100 години од прогласувањето на Делчево за градска управа".

Член 2

**Добитници на општинска плакета се**:

1. **Славе Атанасовски**, за придонес во целокупниот развој на Делчево како Претседател на Собранието на Општина Делчево;
2. **Мирко Ѓорѓиевски**, за придонес во развојот на Делчево како Претседател на Собранието на Општина Делчево;
3. **Благој Димитровски**, за придонес во развојот на Делчево како Претседател на Собранието на Општина Делчево;
4. **Блажо Атанасов**, за придонес во развојот на Делчево како Претседател на Собранието на Општина Делчево;
5. **Иван Иванов**, за придонес во развојот на Делчево како Претседател на Собранието на Општина Делчево;
6. **Мирко Иванов**, за придонес во развојот на Делчево како Претседател на Собранието на Општина Делчево и Градоначалник на Општина Делчево;
7. **Љупчо Прачковски**, за придонес во развојот на Делчево како Градоначалник на Општина Делчево
8. **Илчо Илиев**, за придонес во развојот на Делчево како Градоначалник на Општина Делчево;
9. **Министерство за образование и наука на РМ**, за придонес во развојот на образованието и спортот во општината преку финансирање и изградба на две училишни спортски сали;
10. **Ванчо Трајанов**, за афирмација на Делчево и РМ преку фудбалот како член на фудбалсата репрезентација на Македонија;
11. **Димитар Узунски**, за животно дело и придонес во зачувување и афирмација на културното наследство од Пијанец;
12. **Љубчо Георгиевски**, за придонес во развојот на општината како премиер на Република Мкедонија во периодот 1998-2002;

13. **Трајан Гоцевски**, за придонес во развојот како прв министер за одбрана во независна Република Македонија и прв претседател на Извршен Совет на Општина Делчево;
14. **АД Гранит-Скопје**, за придонес во развојот на градежништвото
15. **Драган Арсовски**, за придонес и афирмација на Делчево како автор на повеќе книги за животот и развојот на Делчево и Пијанец.

**Добитници на општинска спомен-плакета се:**
1. **Сабри Мемишов,** за придонес во развојот на Делчево како Претседател на Собранието на Општина Делчево;
**2. Димитар Мавродиев**, за придонес во развојот на Делчево како претседател на Собранието на Општина Делчево;
**3. Методи Митевски Брицо**, потпретседател на Извршниот совет на НРМ, афирмација на општина Делчево и сестран придонес во целокупниот развој на општина Делчево;
**4. Никола Малешевски**, за придонес во развојот на спортот-фудбалот во општината.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 07-2121/2** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**07.09.2012 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**